

## КОН ХАЗАРСКАТА МИСИЈА НА СВЕТИТЕ КИРИЛ И МЕТОДИЈ

Свети Кирил и свети Методиј Солунски се родени браќа од градот Солун. Потекнуваат од угледно и богато византиско семејство, од таткото Лав и мајката Марија. Постариот брат, Методиј, како офицер поминал десет години меѓу македонските Словени. Потоа се оддалечил заминувајќи на планината Олимп и се предал на монашкиот живот. Таму подоцна му се придружил и Кирил (Константин Филозоф). Кирил и Методиј, познати како солунските браќа просветители, имаат голема улога во словенската историја. Нивните мисии ги извршиле со голем успех, со цел да ги описменат словенските народи.

Константин, кој е познат со своето монашко име Кирил, за разлика од Методиј, не тргнал по стапките на неговиот татко Лав. Тој уште од детски и ученички години својот животен пат го насочил кон совладување на наставните предмети кои подоцна му овозможиле длабоко да навлезе во тајните на повеќе научни дисциплини и да се нареди до најучените луѓе на својата епоха. Лав и Марија му овозможиле на талентираниот Константин да се школува во солунските училишта во кои учеле само децата од богатите

семејства.

На 14 февраури 869 година во Рим починал Кирил Филозоф во екот на изведувањето на Моравската мисија, задолжувајќи го својот постар брат Методиј да ја доора започнатата бразда. Оваа важна мисија, со непроценливо значење за културниот развиток на сите словенски народи, настанала по претходно остварената Хазарска мисија, во којашто учествувале и двајцата браќа. Од далечната хазарска одисеја, браќата ги одонеле во Рим светите реликвиимоштите на римскиот папа Климент, заради што папата Адријан II им укажал посебна почест.

Во IX век Византија била моќна империја, чиешто непрегледна сестрано богатство го свртувало вниманието на соседните народи и племиња. Во 860 година на север и североисток од државата постоела видлива опасност од инвазијата на словенските и хазарските народи.

Словенските племиња претставувале постојана опасност уште од VI век, додека источно-турските номадски хазарски племиња во VIII век формирале силна држава - Хазарски каганат, по долниот тек на реките Волга и Дон.








**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**